# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 4 / 2021
## 01.03.2021 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година**

Се објавува **Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021година.

Бр.09-163/1
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на чл. 50 став 1 т.6 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ”бр. 32/20) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) Градоначалникот на Општина Неготино му предлага на Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2021, да донесе

**ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 год**

Член 1

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 год** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

- насловот **„2.8 Изработка на урбанистички проекти“ се менува и гласи „ 2.8 Изработка на урбанистички прокти согласно член 58 став 2од Законот за урбанистичко планирање “.**

- После табела **„2.8 Изработка на урбанистички проекти согласно член 58 став 2 од Законот за урбанистичко планирање “ се додава нова табела:**

**2.9 Изработка на урбанистички прокти согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање**

| Р.Б. | | ЛОКАЦИЈА | Начин на плаќање |
|---|---|---|---|
| 1 | Војшанци | Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП-431/1, КП431/2, КП-432/1, КП-432/2, КП-432/3, КП-432/4, МВ Рудина, за КО Војшанци, Општина Неготино | самофинансирање |
| | | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 264, КП 267, КП 268/1 и КП 269, КО Војшанци, општина Неготино | самофинансирање |
| 2 | Пеплиште | Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со класа на намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1484/1, КО Пепелиште, општина Неготино, | самофинансирање |

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-150/3
26.02.2021 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање на користење на недвижност**

Се објавува **Одлука за давање на користење на недвижност,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/2
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02) и чл. 79 ст.1 т. 34 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12, 13/20 ) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на користење на недвижност**

**Член 1**

Општина Неготино е сопственик на објект на КП бр. 3713 , КО Тремник .

Горенаведениот објект општина Неготино му го дава на користење без надомест на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино на неопределено време без надомест.

**Член 2**

ООУ „Гоце Делчев“ Неготино се обврзува да изврши реконструкција на горенаведениот објект и да го приспособи за употреба заради подобрување на условите и наставата на подрачното училиште во с.Тремник.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-150/4
26.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за преотстапување на 2 моторцикли ВЕСПА на АД ВОДОСТОПАНСТВО на РСМ**

Се објавува **Одлука за преотстапување на 2 моторцикли ВЕСПА на АД ВОДОСТОПАНСТВО на РСМ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/3
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За преотстапување на Моторцикл Веспа 2 броја на АД ВОДОСТОПАНСТВО на РСМ**

Член 1

Со оваа одлука се преотстапува Моторцикл Веспа 2 броја на **АД ВОДОСТОПАНСТВО на РСМ** , добиени од Агенцијата за управување со одземен имот Скопје со решение бр.09-2409/1 од 03.05.2018 година за отстапување на одземен предмет во управна постапка на општина Неготино и тоа:

- Моторцикл Веспа марка FOREVAR 2 броја со вредност од 9.994,00 денари

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Неготино".

бр.08-150/5
26.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2021 година од сите ризици и опасности**

Се објавува **Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2021 година од сите ризици и опасности,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/4
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на Р.М„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), чл. 14 ст.1 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеност на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот , чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената ( Сл. весник на рм 13/11) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2021 година, од сите ризици и опасности.**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност да се отпочнат активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2021 година, од сите ризици и опасности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот објавувањето во„Службен гласник на Општина Неготино„.

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/5
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 09/11, 16/12, 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , за КП бр. 1258/1 . КО Пепелиште – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 3 со намена Г- гаража( помошен објект), КП бр. 2218 КО Пепелиште – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 2 со намена Г- гаража ( помошен објект), (според геодетски елаборат бр. 0703/1177 од 20.09.2012 година).

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , за КП бр. 8760/1 КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 2 со намена Г - гаража ( помошен објект) , (според геодетски елаборат бр. 0801-170/3 од 14.07.2016 ).

Член 4

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , за КП бр. 8171 КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 и број на зграда 2 со намена А1 -

домување во станбени куќи , (според геодетски елаборат бр. 0801/248-05 од 29.06.2016 година ).

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на о пштина Неготино“.

бр.08-150/7
26.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за именување на член на УО на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино**

Се објавува **Решение за именување на член на УО на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/6
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 106 ст.2 и ст.5 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ„ бр.161/19, 229/20 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 , 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2021 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев „ Неготино**

1. За член на Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев " Неготино се именува

**- Бојан Илиев од Неготино**

2. Мандатот на членот на Училишниот одбор изнесува 3 години.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-150/8
26.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Акционен план за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2021 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Акционен план за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2021 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/7
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 30 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14,13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2021 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Акциониот план за енергетска ефикасност на општина Неготино во 2021 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-150/9
26.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Неготино “ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Неготино “ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/8
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 26.02.2021 година го усвои следниот

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Годишниот извештај за работа на Отворениот граѓански универзитет ,,Неготино ,, - Неготино за 2020 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работата на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење ,,Неготино,, - Неготино за 2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот објавување во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-150/10
26.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 26.02.2021 година.

Бр.09-163/9
01.03.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ" бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12,13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 26.02.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. Никола Митев износ од .......................... 10.000,оо денари
2. Миле Михајловиќ износ од ................. 4.000,оо денари
3. Зорица Андова износ од ..................... 3.000,оо денари
4. Ване Бошев износ од ................... 10.000,оо денари
5. Ристо Панов износ од ....................... 5.000,оо денари
6. Марија Махлијанова износ од ................. 3.000,оо денари
7. Никола Ристов износ од ........................... 6.000,оо денари
8. Стеван Митровски износ од ..................... 5.000,оо денари
9. Снежана Манева износ од .......................... 10.000,оо денари
10. Мартин Младеновски износ од .......................6.000,оо денари
11. Едита Бехлули износ од ................................3.000,оо денари
12. Владо Нутков износ од ................................ 3.000,оо денари
13. Крстиња Ѓорѓиева износ од .......................... 5.000,оо денари
14. Весна Бошкова износ од ................................10.000,оо денари
15. Елвира Синанова износ од ..............................3.000,оо денари
16. Мартин Кузмановски износ од .........................20.000,оо денари
17. Светлана Иванова износ од ....................... 20.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-150/11

26.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

# СОДРЖИНА
# Службен гласник бр. 4/21

1. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година
2. Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2021 година
3. Заклучок за објавување на Одлука за давање на користење на недвижност
4. Одлука за давање на користење на недвижност
5. Заклучок за објавување на Одлука за преотстапување на 2 моторцикли ВЕСПА на АД ВОДОСТОПАНСТВО на РСМ
6. Одлука за преотстапување на 2 моторцикли ВЕСПА на АД ВОДОСТОПАНСТВО на РСМ
7. Заклучок за објавување на Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2021 година , од сите ризици и опасности
8. Одлука за отпочнување на активности за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Неготино за 2021 година , од сите ризици и опасности
9. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација
10. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација
11. Заклучок за објавување на Решение за именување на член на ОУ „Гоце Делчев“ Неготино
12. Решение за именување на член на ОУ „Гоце Делчев“ Неготино
13. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Акционен план за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2021 година
14. Заклучок за усвојување на Акционен план за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2021 година
15. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Неготино“ Неготино

16. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „Неготино“ Неготино
17. Заклучок за усвојување на Решение за доделување на еднократна парична помош
18. Решение за доделување на еднократна парична помош